**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2026 година**

**Скопје, февруари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2026 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваа и Наташа Стојановска, државен советник во Секретаријатот за законодавство и Снежана Наџаковска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за обезбедување на логистичка поддршка и организација на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна

2. Информација за организација на проектот - Плазма спортски игри за млади 2026 - Федерација на училишен спорт на Македонија

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на логистичка поддршка и организација на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди авионски билети и средства за копнен превоз за потребите на учесниците на Конференцијата, во согласност со важечките прописи.

2. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија–Скопје, да обезбеди медиумски пренос на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена, да формира Организационен и Научен одбор за потребите на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за организација на проектот - Плазма спортски игри за млади 2026 - Федерација на училишен спорт на Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за спорт да одобри средства за плаќање на меѓународна франшиза за организација на проектот - Плазма спортски игри за млади 2026 на Федерацијата за училишен спорт на Македонија.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.